**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-38/9**

**Скопје, 02.06.2009 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските трансакции извршени преку депозитната сметка на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ) за 2007 година, кои се прикажани на страна 7.

2. Ревизијата на финансиските трансакции од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2005 година и издаден е извештај за финансиските трансакции на депозитната сметка на Министерството за транспорт и врски, а не е извршена ревизија за 2006 година, која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските трансакции извршени преку депозитната сметка од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.09.2008 до 23.01.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските трансакции на депозитната сметка од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење за целосноста и навременоста на пресметаните и наплатени јавни приходи кои се остваруваат преку депозитната сметка на МТВ и нивното законско и наменско користење.

8. На ден 20.03.2009 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и

врски, Депозитна сметка за 2007 година, заведени под бр. 02 – 3122/2 од 20.03.2009 година, од министерот за транспорт и врски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:

- Забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 8.3.2. ал 2, 8.3.2. ал 3, 8.3.3. ал 1 и 8.3.3. ал 2 од Претходниот извештај се прифаќаат и наодите се бришат во Конечниот извештај.
- На наодите во точките 8.3.1. ал 2, 8.3.1. ал 3, 8.3.4. ал 1 и 8.3.4 ал 2 од Претходниот извештај, не се дадени забелешки односно истите се однесуваат на преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.
- За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 8.1.1, 8.2.1, 8.3.1 ал 1, 8.3.1 ал 4, 8.3.1. ал 5, 8.3.2. ал 1 и 8.3.4. ал 3 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

9. Со ревизијата на финансиските трансакции на депозитната сметка за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

9.1. **Неправилна примена на акти**

9.1.1. Во 2007 година и во претходните години, во Министерството за транспорт и врски не бил донесен интерен акт (правилник, упатство) за работа на Комисиите за јавни наддавања, за работа со депозитите за учество на јавно наддавање и начинот и постапката за плаќање на средства при отуѓување односно закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во согласност со одредбите од Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за отуѓувањето и давањето под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ, со цел да се избегне можноста од незаконско и ненаменско користење на средства.

Во декември 2008 година донесен е интерен акт (упатство) за начинот и постапката на отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште, сопственост на РМ, со јавно наддавање, врз основа на новата Уредба за начинот и постапката на отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп, на градежно земјиште сопственост на РМ, со јавно наддавање, по пат на прибирање на понуди и со непосредна спогодба, висината на трошоците на постапката за отуѓувањето и давањето под закуп, како и висината на цената на земјиштето и на закупнината, која е во примена од 26 ноември 2008 година.

Во 2008 година, со донесување на новата Уредба, подетално е уреден начинот и постапката за работа со депозитите, а исто така во самата Уредба дефиниран е и износот на депозитот.

9.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

9.2.1. МТВ односно секторот за документирање и управување со градежно земјиште во 2007 година не води помошна евиденција (компјутерска или рачна) со податоци за сите учесници во јавните наддавања, ниту пак се води аналитика по правни и физички лица во сметководствената евиденција, во однос на уплатени, вратени и задржани депозити, уплатени средства на име посебни трошоци на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, уплатени средства по склучени договори за отуѓено и дадено земјиште под закуп и уплатници за платен данок на промет на недвижности. Иако во 2007 година има набавено софтвер за управување со градежно земјиште истиот не бил

ставен во функција. Неводењето на евиденција може да доведе до грешки при работењето кое што има влијание на износот на средства што се уплаќа во Буџетот по овој основ и на средствата на име на посебни трошоци на постапка кој е приход на МТВ.

Во 2008 година во деловните книги на депозитната сметка воведена е соодветна евиденција преку сметките за побарувања и пасивните временски разграничувања по правни и физички лица – учесници во јавните наддавања, со податоци за уплатен депозит, вратен депозит и задржани трошоци за постапка, како и уплата (доплата) на прифатената цена по договор преку сметката за приходи од продажба на земјиште.

9.3. **Неправилности во искажувањето на приливот и одливот на средства**

9.3.1. Со ревизијата на остварениот и уплатениот приход од отуѓување (продажба) и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба, се констатира следното:

- Ревизијата не можеше да утврди колкав број на договори за отуѓување и давање под закуп на земјиште, по пат на јавно наддавање и непосредна спогодба, се склучени во текот на 2007 година и дали МТВ правилно, навремено и во договорениот износ ги насочило средствата на уплатните сметки на Буџетот 840-6249 – приходи од промет на недвижности на Републиката и надоместок за стекнување на права за користење на градежно земјиште и 840-6831 – приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште, поради невоведена помошна евиденција за сите видови на постапки и склучени договори. Ваквиот начин на работење може да резултира во помалку остварени приходи во Буџетот на РМ.
- Средствата кои се прибрани и наплатени преку депозитната сметка по основ на даден закуп на градежно земјиште (долготраен и краткотраен закуп) не се издвоени и уплатени на соодветна уплатна сметка 840-6831 односно истите се влезени во Буџетот на РМ заедно со другите приходи од продажба на градежно земјиште на уплатна сметка 840-6249.
- Во секторот за документирање и управување со градежно земјиште не се води евиденција за извршените уплати односно наплатата на побарувањата од закупнина (долготраен и краткотраен закуп), што може да резултира во помалку остварени приходи во Буџетот на РМ. Кај договорите за долготраен закуп неплаќањето на едногодишна закупнина во предвидениот рок (најдоцна до 30 јуни за наредната година) претставува основ за еднострано раскинување на договорот.
- Во чл 15 ст 3 од договорите за краткотраен закуп не е регулирано на која сметка ќе се уплатуваат закупнините односно е кажано дека закупнината се плаќа најдоцна до 15 јануари за секоја календарска година, за што закупецот писмено го известува закуподавачот за извршената уплата. Не е наведена сметката на која ќе се плаќа закупнината во наредниот период, со оглед на тоа што приходот од закупнина е приход на Буџетот на РМ и истата треба да се уплатува директно на уплатна сметка 840-6831.
- Во изминатиот период во МТВ односно во Секторот за документирање и управување со градежно земјиште не е извршена контрола на остварениот приход во Буџетот на РМ од продажба на градежно земјиште по основ на отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ од страна на Министерството за



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

финансии, а не се вршени ниту внатрешни контроли од вработени лица во Министерството во однос на остварениот приход по основ на трошоците на постапка, врз основа на договорите, што е спротивно на Законот за буџетите и Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (840-6249 и 840-6831). Согласно на ова, не е вршена ниту контрола на самиот начин и постапката на отуѓување и давање под закуп во смисла на правилно применување на одредбите од Законот за градежно земјиште и донесената Уредба. На ваков начин се остава простор за можност од злоупотреба при спроведување на постапките од страна на одговорните лица во министерството, како и остварување на помал приход во Буџетот на РМ.

За утврдените наоди во оваа точка наведени под ал 2 и 3 ревизорот не дава препораки бидејќи се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

9.3.2. Со извршениот увид во документацијата за одржаните јавни наддавања за отуѓување и давање под долготраен закуп градежно земјиште, сопственост на РМ, во 2007 година се констатира дека предметите (досиејата) кои се дадени на увид на ревизијата се несредени, односно документацијата не е заведена по хронолошки редослед по вид и број на издаден документ, со што постои ризик од губење на одреден документ значаен за постапката. Исто така, ваквата несреденост го отежнува и забавува извршувањето на евентуална контрола, како и самата ревизија.

9.3.3. Со увидот во договорите за отуѓување и закуп на градежно земјиште, со јавно наддавање и по пат на непосредна спогодба, кои беа доставени на ревизијата, се утврдени одредени слабости и неправилности што може да имаат за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на РМ, по следните основи:

- Не постои точна и ажурна евиденција на сите склучени договори по хронолошки редослед на издавање, поради што ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврда на бројот и видот на договорите кои се издадени во текот на 2007 година. Од страна на министерството по завршување на ревизијата се доставени нови прегледи за договорите кои ќе бидат предмет на ревизија во наредниот период.
- Во Уредбата не е предвидено колку ќе изнесува депозитот при јавно наддавање, ниту пак е донесен акт од министерот за висината на депозитот (одлука). Според објавите за јавно наддавање за отуѓување на градежно земјиште, депозитот обично е пресметан, во износи по проценти според површината на градежното земјиште на основица утврдена според почетната цена на јавното наддавање, а во одделни случаи депозитот е даден во апсолутен износ. Кај долгорочниот закуп на градежно земјиште депозитот е даден во апсолутен износ кој што во одделни случаи е во висина на едногодишна закупнина пресметана според површината на градежното земјиште по почетната цена, а кај краткотрајниот закуп на плажи депозитот е во висина од 30% на вредноста на земјиштето по почетна цена на јавното наддавање.
  Ревизорот не дава препорака бидејќи во ноември 2008 година е донесена нова Уредба во која е утврден износот на депозитот.
- Во договорите за отуѓување на градежно земјиште склучени во 2007 година е наведено дека купувачот се обврзува да обезбеди одобрение за градба во рок од 6 месеци по склучувањето на договорот и да го

изгради објектот во рок од 24 месеци (во еден случај кај Сончев град е дозволено градбата да трае 4 години) по добиеното одобрение за градба; купувачот се обврзува да не го продава во корист на трето лице, да не го оптоварува со товар, ниту да врши промена во смисла на чл 59 од Законот за градење, освен со писмена согласност од отуѓувачот. Доколку не го изгради објектот во предвидениот рок или ја промени намената без согласност и анекс договор, договорот се раскинува, а купувачот одговара на отуѓувачот за договорна казна во вредност на купопродажната цена, при што изградениот објект и земјиштето се враќа во сопственост на РМ, а отуѓувачот ќе ја активира и банкарската гаранција. Во случај на нерегуларности МТВ е должно да го информира Јавниот правобранител на РМ при што се поведува судска постапка пред надлежен суд за раскинување на договорот.

Со договорот за долготраен закуп, закупецот се обврзува да прибави одобрение за градба согласно добиената намена од општината во рок од 6 месеци по склучувањето на договорот и да ја изгради во рок од 2 години по прибавеното одобрение. Закупецот со изградбата на објектот се стекнува со сопственост на објектот.

За следење на преземените и договорени обврски од страна на купувачот односно закупецот, и навремено преземање на мерки и активности од страна на МТВ во случај на нерегуларности, во изминатиот период и во 2007 година, МТВ нема обезбедено систем на интерни контроли со кој ќе се следи добивањето на одобрение за градба, рокот на изградба на објектот и намената, поради што постои можност отуѓеното земјиште да се продаде на друго лице или да се изврши пренамена на истото. На ваков начин се овозможува изградба на објект спротивно на урбанистичкиот план на градот.

**Препораки**

1. МТВ во соработка со Министерството за финансии да превземе соодветни мерки (постојани и редовни контроли) и воспостави процедури со цел јавните приходи по основ на: отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба, редовно и навремено, да ги уплатува на уплатните сметки за јавни приходи, согласно Законот за буџетите и Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи.
2. Во Секторот за документирање и управување со градежно земјиште да се воведе ажурна евиденција која ќе овозможи следење и соодветна контрола на извршувањето на обврската за наплата на закупнината од поединечните корисници.
3. Да се ангажира посебно лице со познавање на компјутерско работење кое ќе биде исклучиво задолжено за обавување на постапката на администрирање - документирање на постапките за јавно наддавање кои се вршат во Комисијата за јавни наддавања.
4. Во секторот за документирање и управување со земјиштето да се воведе евиденција на сите склучени договори по хронолошки редослед на издавање и истите по потпишувањето од министерот да бидат архивски заведени.
5. Да обезбеди систем на интерни контроли со кои ќе се врши контрола над спроведените постапки на отуѓување и давање под закуп, во согласност со одредбите од Уредбата, а посебно дали се исполнуваат условите за продажба со непосредна спогодба согласно дадените во Уредбата.
6. Да се следи изградбата на објектот во согласност со намената за која е купено или дадено земјиштето под долготраен закуп, согласно објавата за продажба и

склучените договори, а во случај на утврдени нерегуларности МТВ да го информира Јавното правобранителство за поведување судска постапка пред надлежен суд за раскинување на договорот.

10. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 9, ние не изразуваме мислење за целосноста и навременоста на пресметаните и наплатени приходи од отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, што е приход на Буџетот на РМ.

11. Според наше мислење, кај Министерството за транспорт и врски – депозитна сметка, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

12. Ревизијата има обврска да истакне дека по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските трансакции преку депозитната сметка на МТВ за 2005 година, од страна на Министерството за транспорт и врски, делумно се спроведени препораките за отстранување на неправилностите во наодите во точка 9.2.1. и 9.3.3, а не е спроведена препораката за наодот во точка 9.3.1. од извештајот.

Скопје, 21.05.2009 година **Овластен државен ревизор**

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ДЕПОЗИТНАТА СМЕТКА 696-13 ВО 2007 ПО ОДДЕЛНИ ОСНОВИ

**во 000 денари**

| р. бр. | Опис | 01/01/2007 | Должи | Побарува | 31.12 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Прилив на средства** | | | | |
| 1 | Почетна состојба | 1,365 | 0 | 0 | |
| | **Уплатени депозити и надоместоци** | | | | |
| | Примени депозити од учесници во јавните наддавања, наплатени посебни трошоци за постапка направени при отуѓување или давање под закуп градежно земјиште сопственост на РМ, и уплати (доплата) за купено или добиено под закуп градежно земјиште | | 519,949 | | |
| 2 | **Вкупен прилив на средства** | **1,365** | **519,949** | **0** | **521,314** |
| | | | | | |
| | **Одлив на средства** | | | | |
| | Вратени депозити намалени за трошоците на постапка | | | 51,449 | |
| | Пренос на средства по основ на трошоци на постапка на сметка 631 – приход на МТВ | | | 2,321 | |
| | Пренос на средства во Буџетот на РМ | | | 466,420 | |
| 3 | **Вкупен одлив на средства** | **0** | **0** | **520,190** | **520,190** |
| 4 | **Вкупно** | **1,365** | **519,949** | **520,190** | **1,124** |




*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр.0906-38/19***
***Скопје, 25.08.2009 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, депозитна сметка, за 2007 година, бр. 02-6229/2 од 06.07.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 9.1.1, 9.2.1, 9.3.1. ал 1, 2, 3, 4 и 5, 9.3.2 и 9.3.3. ал 1, 2 и 3 од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, депозитна сметка за 2007 година, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, депозитна сметка за 2007 година, поднесен е приговор бр. 02-6229/2 од 06.07.2009 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодите изнесени во точка 9.1.1, 9.2.1, 9.3.1. ал. 1, 2, 3, 4 и 5, 9.3.2 и 9.3.3. ал. 1, 2 и 3. од Конечниот извештај е следното:

1. Приговорот на наодот во точка 9.1.1. од Конечниот извештај, кој се однесува на недонесен интерен акт (правилник, упатство) за работа на Комисиите за јавни наддавања, за работа со депозитите за учество на јавно наддавање и начинот и постапката за плаќање на средства при отуѓување односно закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, за работа на комисиите во 2007 година и во претходните години, во согласност со одредбите од Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за отуѓувањето и давањето под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ, (Сл. весник на РМ бр. 79/01...155/07), **не се прифаќа**, од причина што, како што е кажано и во самиот наод, во декември

2008 година донесен е интерен акт (упатство) за начинот и постапката на отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште, сопственост на РМ, со јавно наддавање, врз основа на новата Уредба за начинот и постапката на отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп, на градежно земјиште сопственост на РМ, со јавно наддавање, по пат на прибирање на понуди и со непосредна спогодба, висината на трошоците на постапката за отуѓувањето и давањето под закуп, како и висината на цената на земјиштето и на закупнината, објавена во Сл. весник на РМ бр. 147/08, која е во примена од 26 ноември 2008 година.

2. Приговорот на наодот во точка 9.2.1. од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа што секторот за документирање и управување со градежно земјиште во 2007 година не води помошна евиденција (компјутерска или рачна) со податоци за сите учесници во јавните наддавања, ниту пак се води аналитика по правни и физички лица во сметководствената евиденција, во однос на уплатени, вратени и задржани депозити, уплатени средства на име посебни трошоци на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, уплатени средства по склучени договори за отуѓено и дадено земјиште под закуп и уплатници за платен данок на промет на недвижности, **не се прифаќа**, од причина што листите на понудувачи се само составен дел на предметите за отуѓување и давање под закуп, а не претставуваат помошна евиденција која треба да ги содржи сите елементи и податоци за секое јавно наддавање или давање под закуп на градежно земјиште. Во 2008 година, во деловните книги на министерството за депозитната сметка воведена е сметководствена евиденција преку сметките за побарувања и пасивни временски разграничувања по правни и физички лица – учесници во јавните наддавања, со податоци за уплатен депозит, вратен депозит и задржани трошоци за постапка, како и уплата (доплата) на прифатената цена по договор преку сметката за приходи од продажба на земјиште.

3. Приговорот на наодот во точка 9.3.1. ал. 1 од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа што ревизијата не можеше да утврди колкав број на договори за отуѓување и давање под закуп на земјиште, по пат на јавно наддавање и непосредна спогодба, се склучени во текот на 2007 година и дали МТВ правилно, навремено и во договорениот износ ги насочило средствата на уплатните сметки на Буџетот на РМ, поради невоведена помошна евиденција за сите видови на постапки и склучени договори, што може да резултира во помалку остварени приходи во Буџетот на РМ, **не се прифаќа**, од причина што, доставеното ЦД со софтвер за водење на евиденција за склучени договори, кое е во прилог на приговорот, значи дека МТВ постапува по препораката од ревизијата.

4. Приговорот на наодот во т. 9.3.1. ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на тоа што средствата кои се прибрани и наплатени преку депозитната сметка по основ на даден закуп на градежно земјиште (долготраен и краткотраен закуп) не се издвоени и уплатени на соодветна уплатна сметка во Буџетот на РМ заедно со другите приходи од продажба на градежно земјиште, **не се прифаќа**. Во приговорот МТВ дава појаснување дека од 01.01.2009 година се врши одвојување и уплата на средствата по основ на закуп на градежно земјиште и средствата од продажба на градежно земјиште, на посебни уплатни сметки.

5. Приговорот на наодот во точка 9.3.1. ал. 3 од Конечниот извештај, кој се однесува на неводење евиденција за извршените уплати односно наплатата на побарувањата од закупнина (долготраен и краткотраен закуп) во 2007 година во



***ул: "Маршал Тито" - 12/3*** ***Овластен државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс:3126-311*** ----------------------------

Секторот за документирање и управување со градежно земјиште, што може да резултира во помалку остварени приходи во Буџетот на РМ, при што кај договорите за долготраен закуп неплаќањето на едногодишна закупнина во предвидениот рок претставува основ за еднострано раскинување на договорот, **не се прифаќа**. Во приговорот МТВ доставил табеларни прегледи, изготвени по завршувањето на ревизијата и значат постапување по препораката од ревизијата.

6. Приговорот на наодот во точка 9.3.1. ал. 4 од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа што во договорите за краткотраен закуп не е регулирано на која сметка ќе се уплатуваат закупнините односно е кажано дека закупнината се плаќа најдоцна до 15 јануари за секоја календарска година, за што закупецот писмено го известува закуподавачот за извршената уплата, **не се прифаќа**, од причина што наодот се однесува на одредбата во чл. 15 став 3 од договорите за закуп, во однос на сметката на која треба да се уплатува надоместокот за закупнина, имајќи во предвид дека приходот од закупнина е приход на Буџетот на РМ. Во наредниот период МТВ при склучувањето на договорите за давање под краткотраен закуп, средствата од закупнина треба да ги насочува директно на уплатна сметка во Буџетот на РМ, а не да се користи депозитната сметка, што значи промена и на чл. 3 став 2 од договорите. Согласно Одлуката за единствениот план на сметки за вршење на платниот промет, функцијата на депозитната сметка е времено прибирање на средства (депозит за учество при јавното наддавање) при отуѓувањето и давањето под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, кои по завршувањето на предвидените активности се враќаат на учесниците намалени за трошоците на постапка, односно се пресметуваат и наплатуваат по крајната продажна цена на избраните најповолни понудувачи. Постигнатата продажна вредност се уплатува во Буџетот на РМ, а трошоците на постапка се уплатуваат на сметката 631 – сметка за приходи наплатени од органи.

7. Приговорот на наодот во точка 9.3.1. ал. 5 од Конечниот извештај, кој се однесува на неизвршени контроли на остварениот приход во Буџетот на РМ од продажба на градежно земјиште по основ на отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште сопственост на РМ од страна на Министерството за финансии, во изминатиот период во МТВ односно во Секторот за документирање и управување со градежно земјиште, а не се вршени ниту внатрешни контроли од вработени лица во министерството во однос на остварениот приход по основ на трошоците на постапка, врз основа на договорите, не е вршена ниту контрола на самиот начин и постапката на отуѓување и давање под закуп во смисла на правилно применување на одредбите од Законот за градежно земјиште и донесената Уредба, **не се прифаќа**, поради тоа што доставената информација до Владата на РМ за склучени договори и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на РМ по пат на јавно наддавање, од 22.10.2008 година, не значи сама по себе контрола, туку прибирање на податоци од извршените активности во секторот за документирање и управување со градежно земјиште.

8. Приговорот на наодот во точка 9.3.2 од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа дека предметите (досиејата) кои се дадени на увид на ревизијата се несредени, односно документацијата не е заведена по хронолошки редослед по вид и број на издаден документ, со што постои ризик од нецелосен опфат на документите значајни за постапката што го отежнува и забавува извршувањето на евентуална контрола, како и самата ревизија, **не се прифаќа**, од причина што, дополнително доставената документација го потврдува наодот од ревизијата.

9. Приговорот на наодот во точка 9.3.3. ал. 1 од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа што не постои точна и ажурна евиденција на сите склучени договори по хронолошки редослед на издавање, поради што ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврда на бројот и видот на договорите кои се издадени во текот на 2007 година, **не се прифаќа**. Во приговорот МТВ доставил табеларни прегледи кои се изготвени по завршувањето на ревизијата и значат постапување по препораката од ревизијата.

10. Приговорот на наодот во точка 9.3.3. ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на тоа што во Уредбата не е предвидено колку ќе изнесува депозитот при јавно наддавање, ниту пак е донесен акт од министерот за висината на депозитот (одлука), **не се прифаќа**, поради тоа што во приговорот се наведени одредбите од новата Уредба, објавена во Сл. весник на РМ бр. 147/08, со важност од 26 ноември 2008 година, а наодот се однесува за 2007 година.

11. Приговорот на наодот во точка 9.3.3. ал. 3 од Конечниот извештај, а кој се однесува на тоа што, во изминатиот период и во 2007 година, МТВ нема обезбедено систем на интерни контроли за следење на преземените и договорени обврски од страна на купувачот односно закупецот, кое што е потребно и заради навремено преземање на мерки и активности од страна на МТВ, кои произлегуваат од склучените договори, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот се доставени копии од известувања од Секторот за документирање и управување со градежно земјиште, до неколку општини во РМ, изготвени во ноември 2008 година, со барање за добивање на податок дали за одредена катастарска парцела која е отуѓена врз основа на склучен договор со правно или физичко лице е добиено одобрение за градење за намената согласно договорот, кои значат преземање на една активност во ноември 2008 година, а не и целосен систем на интерни контроли за следење на преземените и договорени обврски од страна на купувачот односно закупецот кој што треба да биде воспоставен во МТВ.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 10.08.2009 година **Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*